## ЕУРЕКА

На 2 јули 2010 година со почеток во 11 часот во просторијата К3-9 при Машинскиот факултет во Скопје ќе се оддржи завршниот состанок на ЕУРЕКА проектот: "Системи за проценка на површинскиот интегритет-SURFACE+". Проектот е во соработка со партнери од Р. Словенија и Шпанија: Gorenje Orodjarna, TECOS, Aitip Foundation и Desarollo Embell. Учесници од македонска страна се ЦИРКО и Solar Tubes, а воедно напоменуваме дека ова е првиот завршен ЕУРЕКА проект во Р. Македонија.

На настанот ќе биде презентиран финалниот производ на проектот, софтвер за избор на оптимална превлака на алати за обработка со пластична деформација.

## ИНЖЕНЕРСКИ ПРСТЕН

Во рамките на конференцијата на Инженерската асоцијација на Македонија, а под покровителство на претседателот Ѓорге Иванов на ден 11.06.2010 год. во Охрид, на светото место Плаошник се изврши доделување на инженерскиот прстен на најдобрите дипломци од техничките факултети. Најдобрите дипломци од МФС кои добија прстен се Јована Јованова и Филип Здравески. По свеченото доделување на прстенот, најдобрите дипломци беа примени на свечен ручек кај претседателот во вилата Билјанини извори.



***Искрени честитки и желби за понатамошно напредување во кариерата!***

## ОБУКА

Во периодот од 7-11 јуни 2010 во просториите на Машинскиот факултет, во рамките на проектот **„South-East European Co-operation of Innovation & Finance Agencies"** дел од Транснационалната програма за соработка во Југоисточна Европа, финансирана од Европската комисија, беше спроведена обуката: **„Обука за обучувачи за препознавање и поддршка на иновативни проекти"** организирана од водечкиот партнер на проектот **AWS (Austria Wirshaft Service)** од Виена**.** Обуката беше наменета за експерти од универзитетите, компаниите, државните агенции и сектори при министерствата.

## О Т С У С Т В А

Службени патувања во странство заради реализирање на студиски престои, учество на семинари, симпозиуми како и за други службени потреби во текот на месец јуни 2010 година остварија долунаведените наставници и соработници:

1. Асс. д-р Роза Ацеска, во периодот од 3 до 7 јуни 2010 година, реализира службено патување во Нови Сад, Р. Србија заради учество на меѓународната конференција "Generalized Functions".
2. Асс. м-р Кристина Јакимовска во период од 27 мај до 4 јуни 2010 година учествуваше на Светскиот Конгрес за автомобилизам FISITA во Будимпешта, Р. Унгарија.
3. Пом. асс. м-р Мите Томов учествува на 10-та Меѓународна конференција "Computer Aided Engineering" во период од 22-30 јуни во Р. Полска.
4. Доц. д-р Дарко Данев, како висок претставник на Р. Македонија за ЕУРЕКА, реализираше службено патување во Берлин, Р. Германија во периодот од 22 до 25 јуни 2010 година.

## ГОДИШЕН ОДМОР

Оваа година, вработените на Машинскиот факултет се упатуваат на колективен годишен одмор во времетраење од 12 Јули до 15 Август 2010 година.

## МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ ВИ ПОСАКУВА ПРИЈАТЕН ОДМОР!

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**02.08.2010**
**ДЕН НА РЕПУБЛИКАТА**

**28.08.2010**
**УСПЕНИЕ НА ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА**
**(ГОЛЕМА БОГОРОДИЦА)**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

**Техничко уредување:**

Жарко Васиљевиќ, дипл. ел. инж.
Борис Рошков, дипл. ел. инж.
Иван Поп Тонев, дипл. ел. инж

**Година 2010, јуни, број 92**

# ФАКУЛТЕТСКИ ИНФОРМАТОР

## ИЗЛОЖБА НА СТУДЕНТИТЕ ОД ИНДУСТРИСКИ ДИЗАЈН

Студентите од насоката Индустриски дизајн при Машинскиот факултет од Скопје ги изложија своите трудови, изработени во рамките на наставата во текот на учебната 2009/2010 година. Оваа година, изложбата беше поставена во изложбениот салон во Културно Информативниот Центар на 17 јуни 2010 година. На изложбата беа поставени 80-тина постери од студенти и 30-тина скулптури од студиите по ЕКО Дизајн. На почесно место беа изложени и наградените постери на нашите студенти од МАКИНОВА, Саемот во Бугарија и Саемот во Нови Сад. Во рамките на настанот, Машинскиот факултет подели благодарници до фирмите кои соработуваа со студентите при изработката на своите проекти.

